Република Северна Македонија

Академија за судии и јавни обвинители

Павел Шатев

# ИЗВЕШТАЈ

**за работа на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" за 2019 година**

jpacademy.gom.mk

**Содржина**

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ........ 3
II ЗАКОНСКА РАМКА ........ 4
III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5
1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 6
IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ........ 7
V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 7
VI ПОЧЕТНА ОБУКА ........ 10
VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ........ 11
VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СО СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ / МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 17
IX КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ........ 32
X БИБЛИОТЕКА ........ 33
XI БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 34
XII СТАТИСТИКИ ........ 37
XIII ЕВАЛУАЦИЈА ........ 38
XIV ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ........ 40

# I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ - Обраќање на директорката

Почитувани,

2019 година беше година со многу предизвици пред кои беше исправена Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (во натамошниот текст Академијата). Реформскиот процес во правосудството претпоставува постојана работа во кој своја значајна улога има и Академијата за судии и обвинители, пред сè заради



задоволување на потребите за редовно кадровско пополнување на судството и обвинителството, како и за остварување на квалитетна континуирана обука на судиите и на јавните обвинители и на другиот кадар во правосудството. Академијата во текот на 2019 година ги реализираше сите предвидени активности коишто ја отсликуваат нашата визија и мисија, а тоа е создавање професионални, независни и европски профили на носителите на можеби најпрестижните функции во земјата - судија и јавен обвинител. Ја јакневме ефикасноста на правосудниот систем преку спроведување обуки во однос на бројните измени и новитети во законите, преку подобрување на судската практика и со продлабочување на сознанијата за нови актуелни теми, преку едукативни настани кои беа усогласени со стандардите и легислативата на Европската Унија, а истовремено работевме и на регрутација на најквалитетните кадри преку спроведување на еден опсежен и исклучително сложен процес на селекција на идните слушатели на почетната обука во Академијата.

Академијата ги спроведе сите активности сите од својата надлежност кои се опфатени со Поглавјето 23. Правдата и внатрешните работи, се дел од нашите приоритети, и затоа, во соработка со големиот број наши партнери и поддржувачи беа реализирани обуки, семинари, тркалезни маси, обуки на обучувачи и советувања на базично и на напредно ниво, за зајакнување на наставниот кадар, со посебен акцент на етичките принципи и однесувањето на судиите, на јавните обвинители, на судската и на јавнообвинителската служба, заради зајакнување на интегритетот и за зголемување на довербата кај јавноста, преку транспарентно и отчено работење.

Во 2019 година ги доделивме дипломите на 37 кандидати кои ја завршија Програмата за почетна обука на Академијата, за кои веруваме дека професионално и етички ќе одговорат на професионалните предизвици и ќе ги практицираат правото и правдата во судовите и во јавните обвинителства каде што ќе бидат избрани, со надеж дека со усвоените знаења од Академијата ќе дадат личен придонес во подобрување на перцепцијата за судството во наредниот Извештај на Европската комисија, за напредокот на Република Северна Македонија.

Најголемиот предизвик со кој се соочивме како институција во 2019 година беше спроведувањето на сите фази на приемниот испит за почетна обука на новата генерација која треба да ја сочинуваат 60 слушатели. Првпат, одзивот на огласот беше неочкувано голем. Преку 670 пријавни се бореа да бидат меѓу најдобрите и да се запишат во Академијата за судии и јавни обвинители. Стручната служба на Академијата, Комисијата задолжена за приемен испит и Управниот одбор, имаа исклучително тешка и напорна работа, а резултатот од таа работа е успешно реализираната, законски зацртаната динамика која беше изготвена уште пред да се знае бројот на пријавени кандидати.

Во согласност со насоките и препораките на Европската комисија, кои се содржани скоро во сите Извештаи за напредокот на Република Северна Македонија, а се однесуваат на правосудниот систем, беше потенцирано дека е потребно просторно и кадровско доекипирање на Академијата. За да се одговори професионално и ефикасно на овие барања, Академијата во рамки на проектот „Зголемување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Република Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје и Центарот за правни истражувања и анализи изготвија Функционална анализа за да се претстави моменталната слика за функционирањето на Академијата, односно да ги расветли нејзините суштински задачи и цели, како и проблемите кои се јавуваат при нивното исполнување.

Со цел да излеземе во пресрет на потребите на правосудството, да ги осознаеме нивните ставови, но истовремено и да ја зајакнеме ефиксноста на Академијата, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје се изготви поопсежно истражување и анализа на актуелното системско позиционирање на институцијата и нејзината улога во обуката на правосудниот кадар, чии резултати ќе служат како насоки кон кои треба да се движи Академијата во наредниот период, но и стратешки во иднина. Академијата со сиот свој потенцијал ќе се вложи во реализација на барањата и потребите кои произлегуваат од Анализата.

Меѓународната соработка за Академија има посебно значење. Поддршката од нашите странски партнери за остварување на реформските цели, како и за промовирање и унапредување на правосудниот систем и на неговите вредности, продолжи и во 2019 година, а истовремено беше зајакнато и пратнерството со институциите за обука на земјите од регионот и од Европа во делот за имплементација на тренинг-модулите кои претставуваат приоритети за обуката, преку активното учество и вмрежувањето во Регионалниот совет за соработка (РЦЦ), преку учеството во активностите на меѓународните тела и организации на Европската Унија, во Советот на Европа и пошироко, и тоа во Европската мрежа за правосудна обука (ЕЈТН), во Меѓународната мрежа за судска обука (ИЈОТ) и во многу други, притоа обезбедувајќи компаративни информации и превод на документите што имаа значаен придонес во јакнењето на квалитетот и ефикасноста на правосудството.

# II ЗАКОНСКА РАМКА

Во 2019 година, од страна на работната група во рамките на Министерството за правда, во која активно членуваше и директорката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер Дамјановска, се изготви нов предлог-закон за Академијата за судии и јавни обвинители кој е во собраниска процедура, а со кој се очекува да се надминат сите недостатоци кои се согледани во праксата при имплементацијата на претходните законски решнија, сè со цел да се унапреди работата на Академијата во насока на обезбедување на поефикасно и независно правосудство.

# III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

## РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Управниот одбор на Академијата, во текот на 2019 година одржа 15 седници на коишто се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор. Управниот одбор ја обнови листата на предавачи преку објавување повик во согласност со последните законски измени од 2018 година и усвои целосно нова листа на предавчи.

Управниот одбор формираше Комисија за ревизија на одржаните испити во Академијата и по потреба вршеше избор на нови членови/заменици членови во Комисијата за приемен испит и во Комисијата за завршен испит на местото на оние членови/заменици на кои од одредени причини им престанал мандатот во комисиите.

На предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор утврди Општа програма за континуирана обука, Специјализирана програма за доброволна континуирана обука, Специјализирана програма за обука на судии-поротници, Програма за полагање завршен испит во почетната обука, Програма за полагање приемен испит во Академијата.

Во однос на подзаконските акти, Управниот одбор донесе: Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за полагање приемен испит во Академијата и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за надоместоци како и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Управниот одбор на Академијата ги усвои сите акти во законски предвидениот рок со кој е обврзан во согласност со законот.

По доставените одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија и на Советот на јавните обвинители за упразнети судски и јавнообвинителски места, Управниот одбор донесе одлука за објавување јавен оглас за прием на 60 (шеесет) слушатели за почетна обука во Академијата и во согласност со својата надлежност постапуваше по жалбена постапка, по одлуките на Комисијата за приемен испит, како и по одлуките на Комисијата за завршен испит.

Управниот одбор беше редовно информиран од страна на директорката за сите тековни активности во рамките на дејноста на Академијата при што разгледуваше повеќе важни прашања за ефикасно функционирање на Академијата и донесуваше заклучоци и одлуки од доменот на својата надлежност.

## РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2019 година, постапувајќи во рамките на своите законски надлежности, Програмскиот совет редовно одржуваше седници со кои претседаваше директорката на Академијата и на истите ги утврди следните предлог-програми: Општа програма за континуирана обука, Специјализирана програма за доброволна континуирана обука, Специјализирана програма за обука на судии-поротници, Програма за полагање завршен испит во почетната обука, Програма за полагање приемен испит во Академијата. Програмскиот совет дискутираше и за бројни прашања врзани со квалитетот на актуелните обуки.

Покрај редовните седници Програмскиот совет одржуваше и работни состаноци на кои ја верификуваше целата база прашања за потребите на приемниот и завршниот испит.

## РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРКАТА НА АКАДЕМИЈАТА

Во законски предвидениот рок директорката до Управниот одбор достави Програма за работа на Академијата за 2019 година, со планирани активности и истата е усвоена од Управниот одбор на Академијата. Предвидените активности што се опфатени со Програмата беа целосно реализирани од страна на стручната служба на Академијата, во координација на директорката. Имено, директорката во тековната година оствари бројни работни состаноци, советувања, тркалезни маси, обуки и конференции коишто беа организирани во соработка со домашни и странски/меѓународни релевантни институции и проекти, на кои учествуваа, имаа обраќање, едуцираа и изложуваа национални и странски експерти.

Исто така, беа реализирани и други дополнителни активности што се појавија како резултат на успешната меѓународна соработка со низа странски партнери и проекти.

Директорката активно учествуваше во сите работни активности во врска со реализацијата на „Планот на активности на Владата на Република Северна Македонија" подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети (во согласност со т.н. „Извештај на Рајнхард Прибе"). Во согласност со тој план, во однос на Академијата беше предвидена реализација на неколку активности што се однесуваат на организирањето обуки наменети за судии и јавни обвинители, посветени на судската етика и интегритетот, обуки на обучувачи, како и развој на методологијата за оцена на обуките, вклучително и размена на искуства и компаративна практика, преку организирање студиски посети на Европскиот суд за човекови права во Стразбург. Директорката беше член на работната група за подготвување на новиот Закон за Академијата кој е во собраниска процедура, а исто така е и член на Комисите за прием и селекција на документи за нотари и извршители.

На покана на Државната комисија за спречување на корупцијата, во насока на исполнување на веќе започната активност за изготвување на Национална стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2020-2024 во согласност со утврдените активности и рокови, претставници од Академијата, во текот на 2019 година учествуваа на две работилници на тема „Изработка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и на судирот на интереси 2020-2024". Претставниците од Академијата беа дел од работната група за секторот „Правосудство" и дадоа придонес за поуспешна работа, во насока на идентификувањето на ризичните пунктови за корупција и на судирот на интереси во општеството и на специфичните ризици во областа/секторот во којшто работат.

Директорката, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, активно учествуваше во својство на член на работните групи, за Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права и Антикорупциска политика (координатор – Министерството за правда) и на работната група за поглавјето 3.7. Интелектуална сопственост од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (во натамошниот текст – НПАА).

# IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Стручната служба на Академијата во текот на 2019 година професионално ги извршуваше сите активности и задачи, придонесувајќи за остварување на предвидените цели во сите сегменти на нејзиното работење и за институционалното зацврстување во рамките на целокупниот правосуден систем. Навремено и квалитетно ги извршуваше сите работни задачи, давајќи поддршка во остварувањето на надлежностите на органите и телата на Академијата, на предавачите и менторите како носители на образовниот (едукативниот) процес и како изготвувачи на испитите, и во полето на ефикасната деловна кореспонденција со други органи и институции. Во временските рокови беа извршени и сите обврски кои произлегоа од прописите за работните односи, за административните службеници, за јавните набавки, за подготовка и реализација на буџетот и за остварување на приоритетната дејност на Академијата – во смисла на спроведување на почетната и континуираната обука. И покрај спроведувањето на обемниот приемен испит, стручната служба успешно ги реализираше сите тековни работни обврски.

# V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

За потребните на Академијата во рамките на проектот „Зголемување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство и од Британската амбасада во Скопје и реализиран од Центарот за правни истражувања и анализа, беше изговена Функционална анализа чија цел е да го претстави функционирањето на Академијата, односно да ги расветли нејзините суштински задачи и цели, како и проблемите кои се јавуваат при нивното исполнување. Поинаку кажано, функционалната анализа се јавува како алатка за управување со промените во Академијата. Евидентно е дека Академијата нужно мора да се реформира како од аспект на нејзината законска поставеност така и во поглед на внатрешните процеси. Ваквиот став е содржан и во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022). Откривајќи го и детално расветлувајќи го секој поединечен проблем на Академијата, со анализата истовремено се трасираат и претстојните реформи, односно ќе се овозможи нивното правилно конструирање и спроведување. На тој начин ќе се избегне и досегашната негативна практика во државата – спроведувањето реформи без соодветни истражувања како и спротивно на ставовите на правната наука и практика. Имајќи го ова предвид, оваа функционална анализа се фокусира на: (1) организацијата на Академијата, нејзиниот статус, односот визави другите државни и јавни органи и начинот на кој е уредено раководењето со неа; (2) начинот на кој се организирани почетните и континураните обуки и правната рамка во тој поглед; (3) соодветноста на буџетот на Академијата воопшто и прашањето дали нејзините ресурси се правилно алоцирани; (4) административните кадри на Академијата (нејзините човечки ресурси); (5) нејзините останати ресурси (просторни услови и техничка опременост) и мерата во која се користат најновите информатички и комуникациски технологии (ИКТ) и (6) резултатите од работата на посебните организациски единици.

Во рамки на насоките кои произлегоа од изготвената функционална анализа на Академијата беа донесени нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Академијата, од кои произлезе и новиот органограм:




Во 2019 година, бројот на вработени во Академијата за судии и јавни обвинители изнесуваше вкупно дваесет лица, од кои:

- 18 административни службеници и
- 2 вработени помошнотехнички лица.



Во текот на 2019 година, беа одобрени финансиски средства за пополнување на 5 работни места за вработени на неопределено време и тоа: советник за поддршка на работата на органите на Академијата; советник за правни пребарувања и односи со јавност; помлад соработник за одржување на базата со податоци; соработник за спроведување на обуки од кривична материја и соработник за финансиско работење и сметководство. Од планираните 5 работни места, во текот на 2019 година се пополнија 3 работни места и тоа: советник за поддршка на работата на органите на Академијата; советник за правни пребарувања и односи со јавност; помлад соработник за одржување на базата со податоци, а за 2 работни места е отпочната постапката за вработување.

Покрај горенаведените вработени, во Академијата во текот на 2019 година во работен однос беа 37 слушатели на почетна обука во рамките на VI генерација на почетна обука. Работниот однос на слушателите е заснован на определено време и тоа сè до завршувањето на почетната обука и изборот на кандидатот за судија во Основен суд односно за јавен обвинител во Основно јавно обвинителство. Во месеците ноември и декември 2019 година, 15 слушатели на почетна обука беа избрани за јавни обвинители и 1 слушател беше избран за судија, со што нивниот работен однос во Академијата заврши. За останатите 21 (дваесет и еден) слушател ќе следи нивен избор за судија, односно за јавен обвинител во текот на 2020 година, по што и ним ќе им престане работниот однос со Академијата.

Во согласност со наодите утврдени со функционална анализа во Академијата се пополнети само 36% од работните места, кои вкупно се 50 систематизирани работни места предвидени во Правилникот за систематизација на работните места. Недостасуваат административни службеници од пониските нивоа, а постојат и цели два сектора кои немаат свои раководители. Едниот од нив е клучниот сектор за работата на Академијата - Секторот за обуки. Од вкупно седум одделенија во Академијата, само едно има раководител.

Академијата располага со три посебни дела од иста зграда кои имаат три различни влеза. Просторот со кој располага Академијата изнесува вкупно 609 метри квадратни и истиот е во сопственост на Академијата. Дури и кога секој метар квадратен би се користел како канцелариски простор, при целосна пополнетост на систематизираните работни места во АСЈО би недостасувал простор за вработените. Само две простории во АСЈО се соодветно структурирани и опремени за да може во нив да се одржуваат обуки. Поголемата од нив може да прими најмногу 36 лица – слушатели на обука во поединечен момент (според тоа како е проектирана).

За да можат непречено да се спроведуваат обуките на генерации кандидати составени од поголем број лица, како и за ефикасно извршување на работните задачи од страна на вработените во Академијата, неопходни се нови простории. Оваа цел е утврдена и во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) година, а рокот за нејзина реализација во Акцискиот план е изминат.

# VI ПОЧЕТНА ОБУКА

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Во текот на 2019 година 37 слушатели на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители беа на практична настава што се реализираше во согласност со Правилникот за почетна обука, Програмата за практична настава и Распоредот за спроведување на практичната настава.

По завршувањето на практичната настава на 21 јуни 2019 година, а врз основа на извештаите за конечната оценка од практичната настава, на 27 јуни 2019 година беше објавена ранг-листа на вкупниот број освоени бодови во текот на практичната настава во почетната обука.

Во текот на јули и август 2019 година беше спроведен завршниот испит за шестата генерација слушатели на почетната обука кој успешно го положија сите 37 слушатели.

По објавувањето на конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители на 3 септември 2019 година и нејзиното доставување до Судскиот совет на РСМ (во натамошниот текст ССРСМ) и до Советот на јавните обвинители на РСМ (во натамошниот текст СЈОРСМ), кандидатите продолжија со практицирање на судската односно јавнообвинителската функција во судовите односно јавните обвинителства каде се спроведуваше практичната настава. Практицирањето се спроведува во согласност со Правилникот и Програмата за практицирање на судската/јавнообвинителската функција сè до изборот на кандидатите за судии односно јавни обвинители.

По огласите на Советот на јавните обвинители на РСМ, објавени во ноември и декември 2019 година, сите кандидати за јавни обвинители од VI генерација беа избрани за јавни обвинители и тоа: 8 во Основното јавно обвинителство Скопје, 1 во Основното јавно обвинителство Гостивар, 2 во Основното јавно обвинителство Битола, 2 во Основното јавно обвинителство Кавадарци , 1 во Основното јавно обвинителство Кочани и 1 во Основно јавно обвинителство Штип.  Освен кандидатите за јавни обвинители од VI генерација, 1 кандидат беше избран за судија на Управниот суд.

**Во октомври 2019 година Академијата им додели уверенија на 37 кандидати за судии и јавни обвинители кои успешно ја завршија програмата за почетна обука на Академијата.**



**СЕДМА ГЕНЕРАЦИЈА СЛУШАТЕЛИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА 2019/2021 ГОДИНА – 60 слушатели**

Управниот одбор на Академијата, на 9 мај 2019 година, објави јавен оглас за прием на 60 слушатели на VII генерација на почетна обука. Од вкупно 673 пријавени, 643 апликанти ги исполнија формалните услови и го полагаа тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија. Овој тест, кој се полагаше првпат по законските измени успешно го положија 509 кандидати со што се премина на следната фаза од приемниот испит, полагање квалификациски тест кој успешно го положија 405 кандидати. По завршувањето на полагањето на квалификацискиот тест, се полагаше психолошкиот тест кој го положија 348 канидати, а веднаш потоа се спроведе полагање на тестот за интегритет и истиот го положија 332 кандидати. Откако беа спроведни полагањата на погореспоменатите тестови започна полагањето на испитот кој се состои од писмениот дел, кој го полагаа 329 кандидати и устен дел кој го полагаа 302. По завршувањето на испитот, Комисијата за приемен испит утврди прелиминарна листа на оценки на кандидатите од одржаниот писмен и устен дел од приемниот испит. Кандидатите поднесоа 138 приговори против објавените оценки, а против решенијата на Комисијата за приемен испит беа поднесени 89 жалби до Управниот одбор на Академијата. Во 2019 година целосно заврши управната постапка, а во 2020 година ќе започне управносудската постапка по што Комисијата за приемен испит ќе ја објави конечната ранг-листа на слушатели во почетна обука во согласност со член 89 од Закон за Академијата за судии и јавни обвинтели.

# VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше во согласност со Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2019/2020 година и со Каталогот на обуки за 2019 година.

Се организираа обуки за измените на домашната легислатива, за меѓународната легислатива и легислативата на Европската Унија, за судската практика, како и за општи теми, потребни за извршување на судската и јавнообвинителската функција.

Обуките се одржуваа и децентрализирано, по сите апелациски подрачја. Најголемиот број се одржаа во Скопје, а помал број, којшто се одредува во зависност од потребата на целната група за која се организираат, се спроведоа во Апелациониот суд Битола, Основниот суд Гостивар и Апелациониот суд Штип. Покрај судии и јавни обвинители, на обуките беа вклучени учесници и предавачи од разни институции, кои се засегнати со темата што се обработува. На тој начин се остварува размена на искуства и дискусија за согледаните проблеми и недоследности во примената на законите, помеѓу правните практичари, заради нивно надминување и усогласено постапување.

## БРОЈ НА ОБУКИ ВО 2019 ГОДИНА

Во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, во организација на Академијата се реализирани вкупно 222 обуки, со учество на 5002 учесници, од кои 1915 беа судии, 626 јавни обвинители, 1229 стручни соработници од судовите и обвинителствата и 1232 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, од невладиниот сектор итн., поканети од страна на Академијата, а коишто работат во области што се поврзани со содржината на обуката

## СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од реализираните 222 обуки во извештајниот период, 90 обуки се одржани во самостојна организација на Академијата, додека 129 обуки Академијата ги организираше во соработка и со делумно или со целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.



## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Од реализираните обуки во извештајниот период, 42 или 19% од вкупниот број обуки се одржани од областа на граѓанското право, 110 или 50% од вкупниот број обуки се одржани од областа на кривичното право, 14 или 6% од вкупниот број обуки се одржани од областа на управното право, 7 или 3% од вкупниот број обуки се одржани од областа на трговското право, 43 или 19% од вкупниот број обуки беа посветени на општи теми, на специјализирани обуки 6 или 3% од вкупниот број обуки. Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:




Во текот на 2019 година беа ангажирани вкупно 245 предавачи, од кои 189 домашни експерти и 56 странски експерти.






Покрај предавачите кои се на листата на предавачи на Академијата, за потребите на конкретна обука, Академијата ангажира и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и од други државни органи, институции и организации, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и други.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 167 беа одржани во Скопје, 11 во Битола, 8 во Штип, 6 обуки во Гостивар, додека другите 30 обуки се одржаа во други градови и места низ Републиката.



Академијата во рамките на Каталогот наменет за континуирана обука на судиите и јавните обвинители, судските и јавнобвинителските службеници за 2019 година, успешно спроведе низа обуки наменети за примена на процесните закони како што се:

1. **<u>Закон за парнична постапка -</u>** Во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, во организација на Академијата реализирани се вкупно 7 советувања посветени на актуелни теми од Законот за парнична постапка. На истите учество зедоа вкупно 164 учесници од кои: 134 судии, 16 судски соработници, 8 слушатели од почетната обука на Академијата и 6 претставници од други институции.
2. **<u>Закон за кривична постапка -</u>** Во текот на 2019 година одржани се 25 обуки за ЗКП. Вкупно учествувале 613 учесници, од кои 203 судии, 180 јавни обвинители, 83 стручни соработници и 147 претставници на институции. Дел од обуките се во самостојна организација на Академијата, а дел се во соработка со проекти со кои Академијата соработува (Американска амбасада, програмата ОПДАТ, Совет на Европа, ОБСЕ, ИРЗ, TAIEX, Јавно обвинителство на РСМ, Здружение на судиите на РСМ)

Во тековната година беа спроведени обуки за судиите на Вишиот управен суд и за Управниот суд, на кои се разработуваа теми од интерес за управното судство како и на општи теми наменети за судиите од сите судови во државата. Реализирани беа вкупно 14 обуки наменети за судиите и стручните соработници од Вишиот управен суд и од Управниот суд. Од нив, 4 се во самостојна организација на Академијата, 3 се организирани во соработка со Британска амбасада, 5 во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (во понатамошниот текст МИОА) и Министерството за правда (во натамошниот текст МП), 1 во соработка со Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права (во натамошниот текст ЕСЧП) и 1 обука во соработка со УНХЦР. На обуките присуствувале вкупно 373 учесници, од кои 141 судија, 52 стручни соработници и 180 претставници од надлежни институции. Во соработка со ЕАСО, за тематската област – азил, беше организирано учество на 3 судии од Вишиот управен суд и од Управниот суд на регионален семинар за азил во Белград - Р.Србија, со фокус на информации од земјите на потекло на барателите на азил.

На теми од областа на право на интелектуална сопственост беа посветени две советувања наменети за судиите од граѓанските оддели, како и за судиите од одделите за прекршоци од сите апелациони подрачја, а во согласност со обврските кои произлегуваат од Поглавјето 23.

Академијата, исто така продолжи и со реализација на обуки кои се посветени на корупцијата и на судирот на интереси. Во рамки на успешната соработка со Косовскиот демократски институт и Транспаренси Интернешнл Македонија беше организрано и советување на тема: Истрагата и гонење на корупција во Албанија, Северна Македонија и Косово.

Во 2019 година, во согласност со препораките на ГРЕКО, за унапредување на превентивните механизми за корупција, во делот на обуките, Академијата организираше вкупно 4 обуки од кои: 17 судии, 8 јавни обвинители, 25 јавнообвинителски службеници, 26 судски службеници и 19 судии-поротници. Две од овие обуки беа релизирани во соработка со ИРЗ.

Во рамки на соработката на Академијата со Советот на Европа, беа организирани повеќе обуки поврзани со Европската конвенција за човекови права и тоа за членовите 3, 5, 6 и 10 од истата. Во рамки на програмата Horizontal Facility се одржаа вкупно 4 обуки, додека во рамките на Јуфрекс-проектот кој опфаќа шест локации во Балканскиот регион, а е во соработка со Советот на Европа и кој се однесува на слободата на изразување од членот 10 од ЕКЧП се одржаа една обука наменета за судии и стручни соработници од граѓанските оддели од сите апелациони подрачја на теми поврзани со слободата на

изразување и клевета, и со говорот на омраза. На овие обуки присуствуваа 28 судии, 29 јавни обвинители, 8 судски и јавнообвинителски соработници, 8 адвокати, 17 слушатели на почетната обука во Академијата, 6 претставници на Народниот правобранител, 19 претставници од Министерството за внатрешни работи 9 (во понатамошниот текст МВР), 4 претставници од Бирото за застапување на РСМ, 1 претставник од Управата за јавни приходи (во натамошниот текст УЈП), 2 претставника од Управата за финансиска полиција, 1 претставник од Делегацијата на ЕУ во Скопје, 2 претставника од ОБСЕ, 2 претставника од Академија, 40 други, или вкупно 167 учесници.

Во текот на 2019 година се одржаа и 6 обуки посветени на правото на ЕУ, на кои учество земаа 131 учесници (судии, јавни обвинители и стручни соработници).

Академијата во тековната 2019 година продолжи со веќе воспоставената пракса за реализација на специјализирани обуки за претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства, како и за членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија и на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, па така во извештајниот период беа реализирани 5 едукативни настани на кои учество зеле вкупно 86 учесници.

Во согласност со својата основна дејност во чии рамки влегуваат и обуки наменети за судските и за јавнообвинителските службеници, за стручната служба во судовите и обвинителствата, за раководните службеници и стручноадминистративните работници, во Академијата, во 2019 година, реализирани се вкупно 22 обуки за судските и за јавнообвинителските службеници, со учество на вкупно 595 учесници, од коишто 487 се судски службеници, а 108 се јавнообвинителски службеници.

Исполнувајќи ја и законската обврска, во согласност со член 42 став 4 од Законот за судови, судиите-поротници задолжително посетуваат специјализирани обуки, организирани од страна на Академијата. Академијата во период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, организираше 1 дводневна обука, со учество на вкупно 19 судии-поротници од Основниот кривичен суд Скопје и по завршувањето на обуката, судиите поротници добија потврда за успешно завршена обука изготвена од страната на Академијата.

Реализирани обуки за судски и јавно обвинителски службеници



# VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СО СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ – МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2019 година Академијата соработуваше со следните домашни институции и организации: Здружение на судиите на РСМ, ЦПИА - Центар за правни истражувања и анализи, Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Комора на стечајни управници, Јавно обвинителство на РСМ, Судски совет на РСМ, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за правда, Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП, Институт за човекови права, Здружение на новинари на Македонија, Министерство за труд и социјална политика, ЕСЕ - Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, Хелсиншки комитет за човекови права, Секретаријат на Енергетска заедница, Здружението за кривично право и криминологија на РСМ и УНХЦР.

Со **Здружението на судиите на РСМ** организирани се неколку обуки, во чија реализација беа вклучени и странски партнери.

- Со финансиска поддршка на програмата ОПДАТ на Американската амбасада се одржаа следните обуки: „Одлуки по жалба во кривична постапка: размена на искуства од практиката", „Управување со предмети и менаџирање на судницата", „Предизвици и практики во втора инстанца".
- Со финансиска поддршка на ОБСЕ одржани се следните обуки: „Притвор и други мерки за обезбедување присуство на обвинетиот: предизвици при практична примена", „Главна расправа со фокус на доказната постапка и причини за одлагање на главната расправа", „Практични предизвици во скратената постапка".
- Со финансиска поддршка на Американска амбасада се одржаа следните обуки: „Управување со предмети и менаџирање на судницата", „Кривичен прогон и судење на делата за попречување на правдата".

Со **Центарот за правни истражувања и анализи** (во натамошниот текст ЦПИА) се одржаа 2 обуки на тема „Конзистентна примена на домашната и меѓународната судска пракса преку практични примери од регионот", 2 обуки на обучувачи на тема „Правна аргументација, структура и образложение на пресудите", 2 обуки на тема „Работна средба на апелационите судови и Врховниот суд на СРМ (во натамошниот текст ВСРСМ) за хармонизирање на судската практика", „Конзистентност на домашната судска пракса и примена на одлуките на ЕСЧП", „Споделување искуства од словенечкиот модел за изедначена судска пракса и дискусија за конзистенстноста на одлуките на ЕСЧП".

Со **Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција,** а со финансиска поддршка на ИРЗ се реализираа 12 обуки на тема „Соработка помеѓу јавното обвинителство и истражните органи" и 2 обуки на обучувачи на тема „Вршење контрола и надзор над ОТА во согласност со Законот за следење на комуникациите".

Со **Советот за превентива против малолетничка деликвенција**, а со финансиска поддршка од Американската амбасада се одржа обука на тема „Правда за децата во антитерористички контекст“.

Со **Комора на стечајни управници** се одржаа 4 советувања на тема „Актуелни правни прашања и отворени проблеми кои се јавуваат во практичната примена на Законот за стечај“.

Со **Јавното обвинителство на РСМ и Судскиот совет на РСМ**, а со финансиска поддршка на ОБСЕ се одржаа 2 обуки на тема „Односи со јавноста“.

Со **Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда** се одржаа 5 обуки за имплементација на Законот за општата управна постапка и на Законот за управни спорови.

Со **Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП** се одржа обука на тема „Денационализација“. Во соработка со Советот на Европа се одржа советување на тема „Членот 11 во врска со членот 9 од ЕКЧП во контекст на извршувањето на 4 пресуди на ЕСЧП против државата во кои е констатирана повреда поради нерегистрација на верски здруженија“.

Со **Институтот за човекови права** одржани се 2 советувања за „Одговорност, ефективност и транспарентност во судството“.

Со **Здружението на новинари на Македонија,** а во соработка со ОБСЕ одржани се 2 обуки на тема „Судската пракса и безбедноста на новинарите и медиумските работници“.

Со **Министерството за труд и социјална политика** одржана е стручна дебата за предлог-законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Одржана е и јавна дебата за спроведената анализа на Законот за заштита од вознемирување на работно место, во чија реализација се вклучи и Институтот за човекови права.

Со **ЕСЕ - Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените** одржан е форум на тема „Можности за подобрување на граѓанскоправниот и кривичноправниот систем за заштита на жртвите на семејно насилство“.

Со **Хелсиншкиот комитет за човекови права** одржано е советување на тема „Зајакнување на механизмите на заштита против говорот на омраза“.

Со **Секретаријатот на Енергетска заедница** одржано е советување за Правото на Енергетската заедница.

Со **Здружението за кривично право и криминологија на РСМ** реализирано е советување на тема „Искуствата и практични аспекти на финансиските истраги и примената на мерката –конфискација на имот и имотна корист“, во чија реализација се вклучија и Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ и Американската амбасада.

Со **УНХЦР** одржана е работилница за „Правото и праксата во заштита на бегалците за 2019“.

## СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ СО КОИ СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2019 ГОДИНА

Повеќегодишната успешна соработка со странските партнери и проекти продолжи со ист интензитет и во 2019, и тоа со: ИОМ, Американска амбасада, Совет на Европа, UNODC, Британска амбасада, ОБСЕ, iPROCEED, DCAF, ИРЗ, Албански институт за правни и територијални истражувања, СИРАКУЗА, TAIEX, AIRE, ЕИПА, ИЦИТАП, FLOROZON,

АТА, со чијашто финансиска и техничка поддршка беа организирани многубројни обуки. Во таа насока, со:

**Амбасада на САД во Република Северна Македонија**

Во текот на 2019 година Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Скопје реализираше 16 обуки од кои 8 обуки се реализирани во соработка со Програмата ОПДАТ. Обуките ги опфатија следните теми:

- „Тероризам“
- „Правда за децата во антитерористички контекст“
- „Кривичен прогон и судење на делата за попречување на правдата“
- „Истрага на место на терористички напад“
- „Искуствата и практични аспекти на финансиските истраги и примената на мерката конфискација на имот и имотна корист“

❖ ***Програма ОПДАТ при Амбасадата на САД***

- 3 обуки на тема: „Вкрстено испитување, двигател кон вистината“
- 2 обуки на тема: „Одлуки по жалба во кривична постапка: размена на искуства од практиката“
- 1 обука на тема: „Управување со предмети и менаџирање на судницата“
- 1 обука на тема: „Стратегија за главна расправа: Уметноста на ефективно застапување“
- 1 обука на тема: „Предизвици и практики во втора инстанца“
- 1 обука на тема: „Истраги и гонење кривични дела кои вклучуваат жртви на кривично дело“
- 2 обуки на тема: „Техники за испитување: најдобри практики на испитување во истражна постапка“
- 1 обука на тема: „Правата на жртвите во кривична постапка во праксата на ЕСЧП“

❖ ***Програма ИЦИТАП при Амбасада на САД***

Програмата „Партнерство за едукација“, која беше иницирана од Владата на САД и Владата на Република Хрватска и успешно се имплементира од 2013 година, продолжи и во 2019 година со спроведување на обуки за професионалци од органите за спроведување на законот. Водечките партнери на програмата во 2019 година беа Министерството за внатрешни работи на Хрватска и Амбасадата на САД во Загреб / ИЦИТАП. Водечките партнери на програмата во 2019 година ќе бидат Министерството за внатрешни работи на Хрватска и Амбасадата на САД во Загреб / ИЦИТАП. Иницијативата за обука предложена од страна на хрватските полициски експерти беше поддржана од Програмата ИЦИТАП при Одделот за правда на САД и истата се имплементираше во соработка со Академијата, во периодот мај – декември 2019 година. Во наведениот период беа реализирани вкупно осум модули на обуки на следните теми:

Модул 1- Истраги при комплексни случаи

Модул 2 – Истраги на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти
Модул 3 – Истраги на компјутерски криминал на „даркнет''
Модул 4 – Финансиски истраги
Модул 5 – Истраги со корупција
Модул 6 – Симулациски вежби
Модул 7 – Обука за виши раководни кадри
Модул 8 – Развој на инструктори

Исто така, во соработка со ИЦИТАП беше овозможено учество на јавните обвинители на две регионални обуки на тема „Напредни вештини за интервјуирање и испитување и за водење и презентирање случај (истраги поврзани со наркотици)".

**Обединети нации**

***UNODC – Канцеларија на Обединетите нации за организиарн криминал и недозволена трговија со луѓе***

- Организирани се 2 обуки посветени на темата „Финансиски инстраги" со вкупно 50 учесници (4 стручни службеници, од МВР 10 и 36 претставници од други институции.

***УНХЦР- Висок комесаријат за бегалци на Обединетите нации***

- „Правото и праксата во заштита на бегалците за 2019" со вкупно 22 учесници (8 судии и 14 претставници од други институции)

***ИОМ- Меѓународна организација за мигранти на Обединетите нации***

- „Трговија со луѓе и криумчарење мигранти" – одржани се 8 обуки со 189 учесници (24 судии, 35 јавни обвинители, 79 стручни службеници и 51 претставници од други институции)

**Мисија на ОБСЕ во Скопје**

Мисијата на ОБСЕ во Скопје спаѓа во редот на најсилните поддржувачи на работата на Академијата и на правосудниот систем на нашата држава. Во соработка со Мисијата на ОБСЕ реализирани се вкупно 20 едукативни настани. Темите кои беа покриени со овие настани се следните:

- „Стандардите поставени со Истанбулска конвенција" со 2 дводневни обуки, со 37 учесници (15 судии, 13 јавни обвинители и 9 други претставници).
- „Техники и методи за водење разговор со малолетни лица и жртви на сексуална експлоатација"– дводневна обука со 22 учесника (7 јавни обвинители и 15 претсатвници од МВР).

- Форум за дискусија: „Прекршочни санкции во случаи на дискриминација“, „Хармонизација на Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за прекршоци“– 2 обуки со 46 учесници (14 судии, 6 стручни службеници, 11 адвокати и 15 други претставници).
- „Гонење случаи на тероризам“ – дводневна обука, 34 учесници (9 јавни обвинители, 9 стручни службеници, 14 од МВР и 2 од Финансиска полиција.
- „Вештини на правно пишување и правна аргументација на судски одлуки“ – една дводневна обука на обучувачи со 21 учесници (судии).
- „Односи со јавноста“ – 2 обуки со 30 учесници (14 судии, 11 јавни обвинители и 5 стручни службеници.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР во рамките на Програмата РАНСТ наменета за јавните обвинители која е дизајнирана да го подобри постапувањето на обвинителите кон криминалот од омраза, во тековната 2019 година реализираше две обуки од кои: правата обука беше наменета за обучувачите на криминал од омраза со која беа опфатени 12 јавни обвинители, втората обука беше наменета за јавни обвинители од сите апелациони подрачја и на истата присуствуваа вкупно 11 јавни обвинители. Реализацијата на оваа Програмата е во рамките на потпишаниот Меморандум помеѓу Академијата, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

- Судската пракса и безбедноста на новинарите и медиумските работници - една обука со 21 учесници (4 судии, 3 јавни обвинители, 2 службеници и 12 други
- Главна расправа со фокус на доказната постапка и причини за одлагање на главната расправа – една обука, со 21 учесници судии.
- „Специфични аспекти на кривичната постапка“ – тридневна обука со 23 учесници (12 судии и 11 јавни обвинители)
- „Практични предизвици во скратената постапка“ – дебата со 44 учесници (27 судии, 7 службеници, 4 АСЈО, 6 други)
- „Новините во Кривичниот законик во однос на неказнување на жртви на трговијата со луѓе“ – 2 дводневни обуки, со 53 учесници (6 судии, 6 јавни обвинители, 6 од МВР и 35 други)
- „Безбедноста на новинарите и медиумските работници и ограничувањето на слободата на изразување“ – дводневна обука со 10 учесници (5 судии, 4 јавни обвинители и 1 слушател од почетна обука)
- „Закон за спречување и заштита од дискриминација“ – 1 обука со 17 учесници (5 судии, 8 адвокати и 4 други)
- „Улогата на правните професии во отворање на поглавјата 23 и 24 од Европското AQUIS“ – 1 обука со 15 учесници (8 суди
- и, 3 јавни обвинители, 3 стручни службеници и 1 слушател на почетна обука).

Во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше изготвена и анализа на актуелното системско позиционирање на институцијата и нејзината улога во обуката на правосудниот кадар. Радува фактот што во дадените одговори во анализата во однос на формирањето на Академијата доминираат афирмативните и позитивните – „АСЈО е апсолутно потребна и го оправда постоењето“. Се смета дека Академијата е одличен институционален одговор на претходните состојби кога се избирале судии без ниту еден

ден поминат во суд или со друга соодветна едукација. „Академијата треба да постои и поради тоа што: на сите кандидати кои немаа можност да бидат вклучени во правосудните органи им се дава можност овие знаења да ги стекнат преку Академијата; самата обука им овозможува на кандидатите да слушаат предавања од предавачи кои говорат од различни позиции – судии, јавни обвинители, универзитетски професори, адвокати и сл. со што на самиот кандидат од неколку агли му се овозможува анализа и толкување на правото и на правните принципи и споделување на практичните искуства од своето работење“. Учесниците на досегашната почетна обука наведуваат дека таа е исклучително важна и во светлото на реформскиот процес, бидејќи изборот на идните судии и обвинители се врши исклучиво преку оваа институција, од редот на кандидатите за почетна обука и тоа преку комплексен процес на приемно тестирање, со кој се очекува да се елиминираат партиско-политичките или другите влијанија при селекција на идните слушатели.

Во однос на Програмата и начинот како таа се спроведува, испитаниците навеле дека Академијата овозможува сеопфатна подготовка за идните судии и јавни обвинители, како и размена на мислења и искуства меѓу актуелните судии и јавни обвинители, но и нивна континуирана надградба. Сметаат дека преку интензивноста на предавањата се прави вистинско фокусирање на идната професија; позитивно е што дијапазонот на области за кои се спроведува едукацијата е мошне широк; нивниот кадровски квалитет значително се подобрува бидејќи имаат пристап до искусни предавачи кои можат да одговорат и на најсложените прашања и стручни дилеми; практичната настава им овозможила на кандидатите да се здобијат со знаење кое инаку не би го добиле; позитивно е што едукацијата ја опфаќа и професионалната етика и одговорност.

„Голем дел од испитаниците сметаат дека условите за прием во почетната обука треба да бидат построги, односно повторно да се бара повисок просек за време на студиите како во претходниот период (коментар кој го наведоа неколку испитаници), но и да се бара ниво на познавање на странски јазик (минимум ниво Б2)“.

Од добиените одговори исто така може да се види дека менторскиот систем на работа е највисоко оценет од страна на слушателите на почетните обуки на Академијата за судии и јавни обвинители.

*Неколку клучни поенти кои ги проектираат идните чекори на Академијата се опфатени во следните заклучоци од сумираните одговори:*

- Високо мнозинство од околу 88% испитаници сметаат дека е потребно да постои Академијата, од кои 66% сметаат дека се отворила навреме.
- Повторно околу 80% изразиле задоволство од квалитетот на кадрите кои излегуваат од Академијата.
- Испитаниците побараа да се ревидираат критериумите за приемниот испит во Академијата, т.е. да бидат повисоки и да има посебни критериуми за прием на слушатели од редот на стручни соработници од судовите и обвинителствата; да се бара високо познавање на странски јазик и да се унапреди проверката за интегритетот; изборот на нови слушатели да биде по апелациони подрачја.
- Континуираната обука да се унапреди со обврзни сугестии на крајот од секоја година од секое апелационо подрачје; предавачите да се избираат според компетентноста и квалитетот.
- За почетната обука да се обезбеди повеќе пракса и симулации на судења.
- Потребна е подобра кадровска екипираност на Академијата.
- Потребни се подобри просторни можности (нова зграда) за Академијата.

**Амбасада на Франција во Република Северна Македонија**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во периодот од 3 февруари 2019 година до 22 февруари 2019 година овозможи реализиција на стаж на г-ѓа Alice Proy, кандидат од Националната школа за магистрати - ЕНМ, Бордо – Република Франција, продолжувајќи ја досегашната практика во делот на размена на кандидати од почетната обука на ЕНМ и Академијата.

На почетокот на 2020 година, Академијата повторно ќе биде домаќин и ќе овозможи реализација на стаж на еден кандидат од ЕНМ во времетраење од три недели во кои кандидатот ќе има можност да се запознае со правосудниот систем на Република Северна Македонија.

Во просториите на Академијата од 1 април 2019 година започна и реализација на часови за изучување на француски јазик – напредно ниво А2, за слушателите на почетната обука, на судиите и јавните обвинители коишто веќе претходно го посетуваа курсот.

***Совет на Европа***

Во соработка со Советот на Европа и ЕУ беа реализирани 11 обуки, од кои 6 обуки со Советот на Европа, 2 обуки во рамки на ХЕЛП-програмата, 2 обуки во соработка со ФЛОРОЗОН и 1 обука во соработка со Енергетската заедница на Европската Унија и тоа:

- 3 обуки на тема: „Презентација на нововоспоставениот механизам за надворешна контрола на работата на полицијата" на кои учествуваа вкупно 110 учесници, од кои 10 судии, 25 јавни обвинители, 6 адвокати, 19 претставници од МВР, 1 претставник од Бирото за застапување на РСМ, 1 претставник од Делегацијата на ЕУ, 6 претставници од Народниот правобранител, 2 претставници од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и 40 претставници од други релевантни институции.

- 1 обука на тема: „Слобода на изразување (член 10 од ЕКЧП) и клевета" на која учествуваа вкупно 24 учесници, од кои 14 судии, 6 судски и јавнообвинителски службеници, 1 адвокат и 3 претставници од Бирото за застапување на РСМ.

- 1 обука на тема: „Водење ефективни финансиски истраги, конфискување незаконит имот и постапување со барањата за обесштетување на жртвите на трговијата со луѓе" на која учествуваа вкупно 33 учесници, од кои 4 судии, 4 јавни обвинители, 2 судски и јавнообвинителски службеници, 2 претставници од Академијата за судии и јавни обвинители, 1 адвокат, 1 претставник од Управата за јавни приходи, 2 претставници од Финансиската полиција и 17 кандидати на почетната обука.

- 1 обука на тема: „Членот 11 во врска со членот 9 од ЕКЧП во контекст на извршувањето на 4 пресуди на ЕСЧП против државата во кои е констатирана повреда поради нерегистрација на верски здруженија" на која учествуваа вкупно 11 учесници, од кои 4 судии, 5 судски и јавнообвинителски службеници и 2 други претставници од други релевантни институции..

## ❖ *Програма ХЕЛП*

Проектот „ХЕЛП во Западен Балкан“ (HELP in the Western Balkans) , финансиски е поддржан од Доверителскиот фонд за човекови права (Human Rights Trust Fund), а во рамките на ХЕЛП-програмата на Советот на Европа за едукација за човекови права на правните професионалци. Во рамки на овој Проект беа реализирани 2 обуки со учество на вкупно 60 учесници, од коишто 23 судии, 5 јави обвинители, 14 судски и јавнообвинителски службеници, 17 кандидати од почетна обука и 1 адвокат, на следните теми:

- Обука на обучувачи за ХЕЛП-програмата
- Образложение на кривични пресуди

## ❖ AIRE-центар Лондон и Регионалната иницијатива за антикорупција РАИ

Во рамки на соработката со AIRE-центарот од Лондон и Регионалната иницијатива за антикорупција РАИ, која успешно се спроведува повеќе години во 2019 година беше реализирано учество на регионална конференција посветена на темата „Одземање на имот“, која беше организирана во соработка со Регионалната инцијатива за антикорупција (РАИ), со Владата на Велика Британија и со Фондацијата „Конрад Аденауер“ на која учество зеде директорката на Академијата, како и учество на обука посветена на темата „Одземање на имотна корист“, која се организираше во Црна Гора во месец мај 2019 година, а на која присуствaa 1 јавен обвинител и 1 судија. Исто така до Академијата пристигна и донација на публикации кои беа изработени во рамки на двегодишниот проект „Јакнење на антикорупцијата во Југоисточна Европа преку унапредување на мерките за одземање на имотна корист“ финансиран од Владата на Велика Британија. Проектот е имплементиран од страна на АИРЕ-центарот и на Регионалната иницијатива за антикорупција (РАИ). Прирачниците повторно ја третираа темата „Одземање на имотна корист“ и истите имаат цел да ги поддржат и охрабрат јавните обвинители, судиите и практичарите од регионот на Западен Балкан кои работат во областа на одземање на имотна корист и да ги имплементираат во пракса постоечката легислатива за одземање на имот, алатките и механизмите.

## ❖ ФЛОРОЗОН

Во соработка со Центарот за еколошка демократија – Флорозон, Академијата организираше обука на тема „Закон за заштита на животната средина“ која претставуваше можност за детално насочување за стратегиите и методите за користење административни и судски постапки и други начини за прашања од областа на животната средина, под третиот столб на Конвенцијата Архус и националното законодавство, преку користење национални, регионални, како и други релевантни студии на случаи за да се илустрираат најпроблематичните прашања поврзани со пристапот до правдата во животната средина.

Во рамки на оваа соработка беше организирана и обука на тема „Бесплатна правна помош“.

❖ **Енергетска заедница на ЕУ**

Првиот семинар наменет за националните судии, а посветен на правото на Енергетската заедница во Регионот беше во организација на Академијата, а во соработка со Енергетската заедница. Семинарот го организираше Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Секретаријатот на Енергетската заедница. На семинарот присуствуваа претставници од правосудните академии на Србија, Црна Гора, Грузија, Молдавија, Косово и Албанија, како и претседателот на Уставниот суд, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, Претседателот на Комисијата за конкуренција, судии од Уставниот суд, судии од Вишиот управен суд и од Управниот суд, судии од Апелациониот суд Скопје, судии од Граѓанскиот суд Скопје, адвокати, професори од правните факултети од земјата, како и претставници од други релевантни институции. Целта на семинарот беше да се зголеми свеста и знаењето на судството за Енергетската заедница и за обврските од Договорот за нашата земја како и за правилата на ЕУ/Енергетската заедница во областа на енергијата, животната средина и пошироко.



**Инструмент *TAIEX* за техничка помош и за размена на информации при Европската комисија на Европската Унија**

Академијата за судии и јавни обвинители и инструментот TAIEX за техничка помош и за размена на информации при Европската комисија на ЕУ се долгогодишни партнери кои успешно партиципираат во унапредувањето на правосудството во Република Северна Македонија, преку организирање едукативни настани чиј фокус најчесто се теми од правото на ЕУ како на пример:

- „Судската практика на ЕСЧП во врска со правото на сурогатство“
- „Европско потрошувачко право“
- „Правила на докажување со посебен осврт на техниките на докажување во адверзијалната постапка (директно и вкрстено испитување)“

**Програма на DCAF**

Во рамките на Програмата на DCAF за реформа на безбедносно-разузнавачките служби во Република Северна Македонија, која започна во 2017 година, за поддршка на националните реформски напори за развој на одговорноста во безбедносно-разузнавачкиот сектор во согласност со европските стандарди и добри практики, а која има цел да го зајакне судскиот капацитет и

експертиза во овластувањето и надзорот над употребата на посебните истражни мерки (ПИМ) за собирање информации од страна на безбедносно-разузнавачките служби, беа организирани 3 обуки од кои 2 на тема „Комуникација меѓу претставници на извршната и судската власт во барањето и овластувањето за следење на комуникациите во РСМ“ и 1 обука посветена на темата „Родова застапеност во безбедноста“.

Програмата на ДЦАФ за реформа на безбедносно-разузнавачките служби во Република Северна Македонија во соработка со Академијата, како еден од проектните партнери, го реализираше проектот „Прирачник за спроведување на мерките за следење на комуникациите“. Целта на проектот е зајакнување на судскиот и јавнообвинителскиот капацитет и експертиза во овластувањето и надзорот над употребата на посебните истражни мерки за собирање информации од страна на безбедносно-разузнавачките служби. Резултатот од оваа соработка, по една година, е издавањето Прирачник кој нуди практичен преглед на принципите и на постоечките стандарди со кои би се служеле правните професионалци во однос на барањето, овластувањето и надзорот на следењето на комуникациите. Содржините на Прирачникот преку анализа на меѓународните стандарди и на судската практика на Европскиот суд за човекови права нудат јасни и практични насоки за судиите и јавните обвинители во спроведувањето на овие мерки, како и за начините на собирање на доказите, притоа водејќи грижа за овластувањата.

## iPROCEEDS – Регионален проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет

Академијата беше вклучена во соработката со Заедничкиот проект помеѓу Европската Унија и Советот на Европа – iPROCEEDS за изградба на капацитетите за борба против криминал преку интернет, со времетраење од 48 месеци, односно од јануари 2016 до декември 2019 година. За членови на проектот беа именувани претставници од релевантни институции од Република Северна Македонија кои станаа дел од групата која во времетраењето на проектот работеше на процесот на имплементација на национално ниво. Тимот се состоеше од претставници од следниве институции: Академијата, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Основното јавно обвинителство Скопје и Управата за финансиско разузнавање. Со оглед на фактот дека членовите на тимот од Република Северна Македонија доаѓаат од различни институции, од страна на Советот на Европа беше побарано да се определи шеф на тимот, при што беше определен претставникот од Министерството за внатрешни работи. Главната цел на оваа соработка е да се зајакнат капацитетите на надлежните институции во идентификувањето, истражувањето, намалувањето и конфискувањето на имотната корист стекната по пат на компјутерески криминал, како и превенција на перењето на пари на интернет. Академијата и релевантните институции од нашата држава, во изминатиот период беа поддржани од iPROCEEDS и од Советот на Европа, преку учество на наши претставници на голем број настани, организирани од страна на проектот. Обучените претставници од Република Северна Македонија во октомври 2019 година, во својство на национални обучувачи, спроведоа обука на национално ниво, со поддршка од меѓународни експерти ангажирани од Советот на Европа. Тимот на обучувачи од Република Македонија со состои од претставници кои работат на случаи поврзани со компјутерски криминал и финансиски истраги на онлајн кривични постапки и тоа од Министерството за внатрешни работи, од Управата за финансиско разузнавање, од јавни обвинители и судии.

**Европски центар за судии и правници, Европски институт за јавна администрација – ЕИПА**

Во соработка со Европскиот центар за судии и правници и Европскиот институт за јавна администрација – ЕИПА, во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, одржани се предавања за:

- „Правата во редовна судска постапка и Повелбата за фундаменталните права на ЕУ“ со учество на вкупно 17 учесници, од кои 2 судии, 3 јавни обвинители, 5 стручни соработници и 7 адвокати.
- „Заштита на податоците во ЕУ во областа на спроведување на законот“ со учество на вкупно 20 учесници, од кои 3 судии, 2 јавни обвинители, 10 стручни соработници и 5 претставници од Министерството за одбрана.
- „Методи на медијација и арбитража“ со учество на вкупно 14 учесници, од кои 9 судии и 5 стручни соработници.

Исто така во рамки на Каталогот на ЕИПА „Opean Seminar Facility“ беа организирани три посети на семинари кои се одржаа во Луксембург на кои учествуваа 3 судии и 1 јавен обвинител, додека во рамки на соработката која Академијата ја има со ЕИПА, директорката на Академијата зема учество на меѓународната конференција во Луксембург којашто беше посветена на развојот на лидерските капацитети на раковдните лица во правосудните институции.

**Германска фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ**

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, ги реализираа следните активности:

- 2 обуки на тема: „Граѓанско-правна одговорност на адвокатите од аспект на германската судска и обвинитеклска практика“ наменети за судии од граѓанските оддели, за кандидати од почетната обука, за судски службеници, за адвокати и претставници од Министерството за правда, на кои учествуваа вкупно 48 учесници, од кои 7 беа судии, 21 кандидат од почетната обука, 6 судски службеници, 9 адвокати и 5 претставници од Министерството за правда.

- 2 обуки на тема: „Примена на Законот за заштита од вознемирување на работно место – мобинг и Законот за спречување и заштита од дискриминација“ наменети за судии од граѓанските оддели и за судски службеници кои постапуваат по работни спорови од сите апелациони подрачја,  на кои учествуваа вкупно 45 учесници, од кои 8 беа судии, 8 кандидат од почетната обука и 29 судски и јавнообвинителски службеници.

- 1 обука на тема: „Улогата на претседателите на судовите во управувањето и раководењето со судовите“ и „Менаџирање и организација на работата за судиите и за вработените“, наменета за претседателите на судовите и членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија,  на која учествуваа вкупно 21 учесници, од

кои 15 беа судии, 4 судски службеници и 2 други учесници од релевантни институции

- 1 обука на тема: „Улогата на јавните обвинители на јавните обвинителства во управувањето и раководењето со јавните обвинителства“ и „Менаџирање и организација на работата за јавните обвинители и за вработените“ наменета за јавните обвинители на јавните обвинителства и за членовите на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, на која учествуваа вкупно 19 учесници, од кои 17 беа јавни обвинители и 2 судски службеника.

- 1 обука на тема: „Примена на етичкиот кодекс за судски и јавнообвинителски службеници“ наменета за за претседателите на судовите, за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, за јавните обвинители на јавните обвинителства и за членовите на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, на која учествуваа вкупно 28 учесници, од кои 16 беа претседатели на судови, 8 јавни обвинители на јавни обвинителства и 1 член од Судскиот совет и 1 член од Советот на јавни обвинители и 2 други учесници од релевантни институции.

Исто така, во рамките на овој Твининг-проект од 10 до 16 ноември 2019 година кандидатите од VI генерација на почетна обука беа во Бон – Германија, каде што се запознаа со германскиот правен систем. Обуката ја следеа вкупно 12 кандидати од кои 6 беа кандидати за судии и 6 кандидати за јавни обвинители.

Во период од 5 до 15 ноември 2019 година еден судија зеде учество на Четвртата мултилатерална хоспитациска програма за **судии кои работат на граѓански и трговски предмети** и кои го говорат англискиот јазик, што IRZ ја одржува во соработка со Сојузот на Германските судии и со Министерствата за правда на сојузните покраини.

- **ТВИНИНГ-проект на ЕУ/Германската фондација за меѓународна правна соработка ИРЗ и Академија за судии и јавни обвинители**

Општата цел на Твининг-проектот што е финансиран и поддржан од Европската Унија, е јакнењето на казнено-поправниот систем и на пробациската служба во Република Северна Македонија, за да се подобри ефикасноста и функционирањето на казнено-поправниот систем и развивање на ефикасна и одржлива пробациска служба со целосно почитување на правата и достоинството на лицата лишени од слобода и на лицата над кои се извршуваат пробациските мерки за нивна успешна ресоцијализација во заедницата. Проектот содржи две компоненти: унапредено функционирање и управување со казнено-поправниот систем со цел да се обезбеди целосна заштита на човековите права, во согласност меѓународните стандарди во третманот на затворениците; и развиена пробациска служба за поуспешно извршување на алтерантивните мерки и на пробациските активности, во согласност со законот. Проектот ја поддржува имплементацијата на Националната стратегија за развој на казнено-поправниот систем како и Стратегијата за развој на пробациската служба. Во рамки на Твининг-проектот, Академијата во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка ИРЗ, со Центарот за меѓународна правна соработка ЦИЛЦ и со Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда организираа вкупно 7 обуки посветени на пробацијата, и тоа:

- 4 обуки во рамки на Твининг-проектот „Јакнење на казнено-поправниот систем и на пробациската служба“ на тема: „Пробацијата како важен чекор напред во владеењето на правото“ наменети за судии, јавни обвинители, пробациски службеници, судски и јавнообвинителски соработници, како и за претставници од други релевантни институции, на кои учествуваа вкупно 110 учесници, од кои 18 беа судии, 7 јавни обвинители, 27 судски службеници, 8 претставници од МВР, 6 претставници од Управата за извршување на санскии и 44 пробациски службеници од сите апелациони подрачја.

- 3 обуки во рамки на Твининг-проектот „Јакнење на казнено-поправниот систем и на пробациската служба“ на тема: „Развојот на пробацијата и создавање мрежа на чинители за поддршка на истото - Условниот отпуст и управување на транзицијата од затворската средина во заедницата“ наменети за судии, јавни обвинители, пробациски службеници, судски и јавнообвинителски соработници, како и за претставници од други релевантни институции, на кои учествуваа вкупно 94 учесници, од кои 15 беа судии, 7 јавни обвинители, 11 судски службеници, 3 адвокати, 1 претставник од МВР, 6 претставници од Управата за извршување на санскии и 51 пробациски службеници од сите апелациони подрачја.

❖ **Твининг-проект на ЕУ/Германската фондација за меѓународна правна соработка со ИРЗ/Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и со Академија за судии и јавни обвинители**

Во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) и со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а во рамките на ЕУ Твининг-проектот (MK 14 JH 03 18 TWL) насловен: „Зајакнување на капацитетите на овластените тела за борба против криминалот“ кој се однесува на Посебните истражни мерки во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, беа реализирани **14 обуки** со учество на **вкупно 152 учесници**.

- 2 тркалезни маси во рамките на твининг-проектот „Јакнење на капацитетите на овластените тела за борба против криминалот“ во соработка со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција“ и со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ на тема: „Соработка помеѓу јавното обвинителство и истражните органи “ наменети за јавни обвинители од сите апелациони подрачја и учесници од други релевантни институции, на кои учествуваа вкупно 32 учесници, од кои 12 беа јавни обвинители, 14 јавнообвинителски службеници, 2 претставници од МВР, 2 претставници од Финансиска полиција и 2 претставници од Царинска управа.

- 12 обуки во соработка со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција“ и со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ во рамките на Твининг-проектот „Јакнење на капацитетите на овластените тела за борба против криминалот“ – вршење контрола и надзор на ОТА во согласност со Законот за следењето на комуникациите на тема: „Спроведување посебни истражни мерки“ на кои учествуваа вкупно 107 учесници од кои 52 беа

јавни обвинители, 32 јавнообвинителски службеници, 10 претставници од МВР, 3 претставници од Финансиската полиција и 10 претставници од Царинската управа.

## Европската мрежа за обуки во правосудството (EJTH)

Европската мрежа за обуки во правосудството (EJTH) е главна платформа и промотер за обука и размена на знаења за европското судство. EJTH ги претставува интересите на над 120.000 европски судии, обвинители и судски тренери ширум Европа.

Соработката помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Европската мрежа за судска обука (EJTH) започна во 2007 година кога Академијата се стекна со статус на набљудувач. Од тој момент до денес Академијата е вклучена во сите активности и програми на EJTH. Првите две години учеството на Академијата не предизвикуваше финансиски импликации, но потоа од страна на EJTH беше одлучено дека на ваков начин може да партиципраат само земјите членки на ЕУ.

Во 2008 година Академијата беше вклучена во Програмата за размена при што во повеќе европски држави беа испратени вкупно 6 учесници и тоа 2 судии, 1 јавен обвинител, 2 кандидати од првата генерација на почетна обука и 1 едукатор. Во рамките на Програмата за размена, Академијата беше и домаќин на вкупно 6 учесници (судии, обвинители и едукатори) од Белгија, Летонија и Шпанија и Естонија.

Академијата понуди свои обуки кои беа вклучени во Каталогот на обуки на EJTH за 2009 година со покана за учество на истите, на судиите и јавните обвинители од европските држави.

Во 2010 година со поддршка на EJTH беше остварена размена на едукатори и кандидати од почетна обука помеѓу Академијата и Националната школа за магистрати (ЕНМ) на Франција, која и до ден-денес е еден од позначајните партнери на Академијата. Во рамки на оваа поддршка Академијата беше домаќин на делегација од Франција составена од 1 едукатор и 3 кандидати од ЕНМ, Бордо, Франција, додека во декември 2010 година делегација од Република Северна Македонија составена од 1 едукатор и 3 кандидати оствари посета на Францускaта школа за магистрати ЕНМ.  Ваквиот начин на размена прерасна во традиционална врска која сè уште се одржува. Важно е да се истакне дека оваа делегација од нашата држава учествуваше и на т.н. Европска недела на која покрај домаќинот, Република Франција, учествуваа делегации од уште 11 држави членки и кандидати за членки во Европската Унија, каде што ги презентираа своите школи за обука и учествуваа во симулација на судење.

Како дел од Програмата на EJTH за размена на судии, јавни обвинители и едукатори во 2010 година вкупно девет претставници од правосудството на Република Северна Македонија учествуваа на размена во тренинг-институциите на други држави членки на Европската Унија (Естонија, Италија, Словенија, Полска, Холандија, Португалија и Хрватска). Исто така, Академијата беше домаќин на вкупно 11 судии и јавни обвинители од други држави (Романија, Полска, Австрија, Словенија, Норвешка, Холандија, Италија, Финска). Како дел од активностите објавени во Каталогот на обуки на EJTH за 2010 година, еден судија од Република Северна Македонија зеде учество на обуката посветена на правниот англиски јазик што се одржа во Рим, Италија.  EJTH, во соработка со Центарот за правосудни студии на Португалија и на Националниот институт на магистратурата на Франција повторно во 2010 година, беа организатори на THEMIS 2010 натпреварот во почетна обука на кој Академијата учествуваше со свој тим од тројца кандидати од третата генерација на почетна обука и еден едукатор.

Претставник на Академијата, експерт по информатички технологии, е член на работната група на EJTN за информатички технологии и активно учествува во работата на ова тело.

Во 2011 година на Академијата и беше дадено право, во рамките на Програмата за размена, да учествува и при размена на судии на врховните судови.

Академијата учествуваше на 11.,12. и 13. Генерално собрание на EJTN, а во 2013 година и на Пленарната седница на EJTN.

И покрај тоа што поради финансиски импликации и неможност Академијата финансиски да го поддржи учеството на судии и јавни обвинители во активностите и програмите на EJTN, Академијата не се откажа од соработката и учеството на обуки каде EJTN беше коорганизатор. Во текот на 2015 година интензивно се работеше на повторно вклучување на Академијата во сите нејзини активности и програми, во чии рамки судии и јавни обвинители учествуваа на двонеделни програми за размена, учество на студиски посети во ЕСЧП и ЕСП, како и на повеќемесечни престои во ЕСЧП.

Во текот на 2018 година Академијата за судии и јавни обвинители повторно беше вклучена во активностите на Европската мрежа за правосудна обука (EJTN), со тоа што судиите и јавните обвинители присуствуваа на настани организирани од EJTN. Овие настани на EJTN опфаќаат обуки од кривична, граѓанска, управна област, како и обуки поврзани со меѓународното право и човековите права.

Во 2019 година во рамките на Програмата за размена на EJTN беа испратени 17 претставници на правосудството од Република Северна Македонија во повеќе европски држави меѓу кои имаше и слушатели од почетна обука, предавачи на Академијата, како и претставници на Судскиот совет на на Република Северна Македонија. Истовремено, на покана на EJTN 3 судии, 1 член на Судскиот совет на Република Северна Македонија и 1 член на Советот на јавните обвинтиели на Република Северна Македонија учествуваа на обуки кои беа организирани од Европската правосудна мрежа.

EJTN развива стандарди за обука и наставни програми, ги координира разменувањата на програмите за обука на судството, дистрибуира експертиза за обуки и промовира соработка помеѓу институциите за обука на судството на ЕУ.

Областите на интерес на EJTN вклучуваат ЕУ, граѓанско, кривично, трговско право и човекови права, обука за лингвистика и општествени прашања.

Активностите во рамките на програмата за размена се поделени на:

- Краткотрајна размена: општи обуки, специјалцизирани обуки, билатерална размена, размена на претседатели на судови и шефови на јавните обвинителства, и размена на обучувачи;

- Размена на подолг период: студиски посети на ЕСЧП и ЕСП, како и на значајни европски институции во Брисел и Хаг.

Покрај THEMISS и Летната школа, EJTN ја има и Програмата AIAKOS која е наменета за слуштели на почетната обука, како и за судии и јавни обвинители до 7 години, во рамки на која им се дава можност да се запознаат со правосудните системи на другите земји како и да го надоградат своето познавање за европската легислатива и на европските интитуции.

Значајно е да се напомене дека Академијата и оваа година ќе го добие новиот Каталог на EJTN за обуки, како и повик за учество во Програмата за размена. Истите ќе бидат објавени на Веб страната на Академијата и судиите и јавните обвинители од нашата држава ќе можат да се пријават на обуките кои се од нивен интерес.

# СТУДИСКИ ПОСЕТИ

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со странските партнери и проекти, кои се ревносни поддржувачи на работата на Академијата во тековната 2019 година организираше 31 студиски посети на кои учествуваа вкупно 87 учесници од кои 25 судии, 33 јавни обвинители, 8 претставници на органите на Академијата и 9 претставници од други релевантни институции како и вкупно 12 кандидати од VI генерација во почетната обука на Академијата.

**Вкупно реализирани 31 студиски посети**




# IX ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Брзиот пристап до информациите и развојот на информатичката технологија на глобално ниво ја наметна потребата од континуирано следење на новините и можностите за нивна имплементација заради надградување и унапредување на компјутерскиот систем на Академијата. Академијата и во 2019 година продолжи да ја усовршува работата на постојниот софтвер, во насока на создавање на ефикасен компјутерски систем кој пред сè ќе служи за полесно управување со внатрешните процеси и активности на Академијата, а истовремено ќе обезбеди неопходната функционалност за лесно и едноставно секојдневно одржување и ажурирање на содржините на интернет-локацијата, како и лесно поврзување со другите интерни софтверски системи.

Во 2019 година беше набавен нов бекап-сервер, чија основна цел е поголема заштита од губење на податоците со кои располага Академијата. Во рамките на успешно воспоставената соработка со Совет на Европа, Академијата доби донација од 2 сервера (Server Rack UPS G-Tec AP160N 6K), 50 персонални компјутери (PC UPS RIELLO VST 1100), 1 прожектор (Projection Screen VEGA EL W 240), 2 интерактивни табли (Interactive whiteboards TG Commerce Vision 90"), 2 аудиомиксери (Audio mixer Behringer X2222USB), 1 опрема за толкување (interpretation equipment Okayo interpretation system) и 2 сервер-клими (server room air conditioning unit daikin ftxb50c).

Во 2019 година, Академијата за судии и јавни обвинители и со финансиска поддршка од Амбасада на САД во Република Северна Македонија, создаде нова модерна Веб-страница, со која се зголеми транспарентноста на работата на Академијата во јавноста.

Во согласност со својата мисија и визија, Академијата во рамките на оваа соработка започна да ја надградува и усовршува и платформата за учење на далечина (E-learning).

## X БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Академијата претставува извор на многу правни четива кои ја наоѓаат својата употреба кај сите наши корисници. Академијата поседува мал, но богат библиотечен фонд со интенција истиот да се зголемува.

Имено, Академијата преку приватни средства и донации континуирано ја збогатува содржински библиотеката на Академијата. Помеѓу големиот број домашни автори можат да се најдат и многу наслови на странски истакнати автори.

Во 2019 година, библотеката со помош на Германската фондација за меѓународна правна соработка ИРЗ ја збогати библиотеката со 10 нови наслови посветени на правото на ЕУ.

Во моментов Академијата сè уште со соочува со проблем во однос на просторните капацитети, нема читална ниту пак соодветно внатрешно уреден простор кој ќе овозможи полесен пристап до библиотечниот фонд, кој навистина е обемен и значаен за корисниците на Академијата.

# XI БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

За 2019 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 70.283.000,00 денари.

Од почетокот на 2019 година, заклучно со 31 декември 2019 година, Академијата има реализирано 46.237.833,00 денари од својот буџет.

## ➢ **БУЏЕТ**

За 2019 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 70.283.000,00 денари.

Од почетокот на 2019 година, заклучно со 31 декември 2019 година, Академијата има реализирано 46.237.833,00 денари од својот буџет.

| **2019 година** | **Одобрен буџет 70.283.000,00** |
|---|---|
| 401 Основни плати | 35.626.000,00 |
| 402 Придонеси | 13.357.000,00 |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.115.000,00 |
| 421 Комунални услуги | 3.000.000,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 1.300.000,00 |
| 424 Поправки и одржување | 832.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 10.453.000,00 |
| 426 Други тековни расходи | 1.000.000,00 |
| 480 Купување опрема | 1.000.000,00 |
| 486 Купување возила | 1.600.000,00 |




Буџетот за 2019 изнесува 70.283.000,00

**<u>Приказ на буџетот на Академијата во период од 2007 до 2019 година</u>**




## ➢ <u>ЈАВНИ НАБАВКИ</u>

Во текот на 2019 година, Академијата реализираше вкупно 13 постапки за јавни набавки, а во согласност со донесениот План за јавни набавки за 2019 година.

Во согласност со Планот за јавни набавки за 2019 година, беа спроведени следните постапки за јавни набавки:

| | Предмет на набавката | Времетраење на договорот | Вид на постапка | Вредност на склучен договор без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Пијалаци и засладувачи | 1 година | Постапка од мала вредност | 248.074,00 |
| 2. | Одржување на хигиена и техничко одржување | 1 година | Постапка од мала вредност | 610.248,00 |
| 3. | Устен превод | 1 година | Постапка од мала вредност | 300.000,00 |
| 4. | Канцелариски материјали | 1 година | Постапка од мала вредност | 284.129,74 |
| 5. | Копирање материјали | 1 година | Постапка од мала вредност | 400.000,00 |
| 6. | Хигиенски средства | 1 година | Постапка од мала вредност | 225.149,10 |
| 7. | Писмен превод | 1 година | Постапка од мала вредност | 400.000,00 |
| 8. | Резервација и набавка на авиобилети | 1 година | Постапка од мала вредност | 300.000,00 |
| 9. | Кетеринг-услуги | 1 година | Постапка од мала вредност | 400.000,00 |
| 10. | Патничко моторно возило | До истек на гаранција на автомобилот | Поедноставена отворена постапка | 1.307.800,00 |
| 11. | 10 клима-уреди | До истек на гаранција на клима уредите | Постапка од мала вредност | 165.000,00 |
| 12. | Гориво за моторни возила | 1 година | Постапка од мала вредност | 250.000,00 |
| 13. | Патен транспорт на луѓе | 1 година | Постапка од мала вредност | 400.000,00 |

# XII СТАТИСТИКИ

Софтверскиот систем за управување со процеси, што го имплементира Академијата во текот на 2011. година, претставува основна база на податоци за судиите и за јавните обвинители којашто Академијата ја користи во својата работа. Редовното ажурирање на податоците во базата е од исклучително значење за функционирањето на Академијата, особено во делот на предвидувањето и планирањето на потребниот број обуки по области, за да им се овозможи на сите целни групи да го исполнат задолжителниот број денови обука за тековната година.

Во поглед на статусот на судиите и на сите промени поврзани со нивната позиција, податоците се добиваат од електронскиот систем на податоци на Судскиот совет на РСМ, со кој е поврзана базата на Академијата.

Во поглед на статусот на јавните обвинители, од Советот на јавните обвинители на РСМ се добиени податоци за јавните обвинители и тие се внесени во базата на Академијата.









## XIII ЕВАЛУАЦИЈА

Задоволството на целните групи од реализираните обуки Академијата го мери преку дистрибуирање прашалници на секоја обука. Преку прашалниците учесниците ја оценуваат содржината и целта на обуката, предавачите, материјалите за обуката, успешноста на програмата, а можат да дадат и свои предлози и коментари во делот наменет за таа цел.

Оценките на затворените прашања се даваат на скала од 1 до 6, при што 1 е најниската оценка која изразува целосно незадоволство, а 6 е највисока и изразува целосно задоволство.

Добиените податоци се од големо значење за Академијата, коишто таа ги користи во насока на континуирано подобрување на организацијата на обуките, во изборот на теми за кои има голем интерес, во изборот на предавачи кои учесниците ги оцениле со високи оцени, а сè со крајна цел на целните групи да им се испорачаат обуки кои квалитативно ќе одговорат на нивните потреби.

Следува приказ за степенот на задоволство кај учесниците на обуките:

Оцени од прашалниците за судии и јавни обвинители













Оцени од прашалниците за стручна служба












Оцени од прашалници за судии поротници













## IV ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Јавноста во работењето на Академијата се остварува преку редовно информирање за активностите, и тоа преку поставување на објави на интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, преку објавување информации на огласната табла, но и со објавување на усвоените акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со цел да овозможат повеќе достапни информации за јавноста и полесен пристап до сите релевантни документи кои ја рефлектираат работата на Академијата, во 2019 година беше пуштена во употреба новата веб-страница која е направена со помош и финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Република Северна Македонија.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“,
претседател на Управен одбор,
Сашо Рајчев